ProCredit Bank Macedonia
ProCredit Bank, Head Office bul. Jane Sandanski 109a, 1000 Skopje, Macedonia

# Објава за тендер

| Набавувач: | ПроКредит Банка АД Скопје |
|---|---|
| Назив на тендер: | Тендер за осигурување на готовина, КАСКО осигурување и осигурување на опрема на договорена вредност |
| Број на тендер: | 04/2012 |
| e-mail: | tenders@procreditbank.com.mk |
| Факс: | (02) 321 99 01 |

Датум на објава на тендерот: 17.02.2012 година
Краен датум на доставување на понудите: 24.02.2012 година

Почитувани,

ПроКредит Банка АД Скопје ќе врши избор на најповолна осигурителна компанија за следните видови осигурување:

I. КАСКО осигурување на службените возила во сопственост на ПроКредит Банка АД Скопје, осигурување од автоодговорност и осигурување на лица во службените возила од несреќен случај на територија на Р.Македонија од 01.05.2012 до 01.05.2013;

II. Осигурување на мебелот и останатата опрема, компјутерската опрема и мрежа, реклами и банкомати во сопственост на ПроКредит Банка АД Скопје на договорена вредност за период од 1 (една) година;

III. Готовината од **кражба** во сеф, благајна, ТЦР и банкомати во сопственост на ПроКредит Банка АД Скопје, односно осигурување за **откуп на франшиза од БББ полиса**, како и осигурување на готовина од **пожар** за период од 1 (една) година.

**I. КАСКО осигурување**

ПроКредит Банка АД Скопје ќе врши избор на најповолна осигурителна компанија за автоодговорност, КАСКО осигурување на службените возила во сопственост на ПроКредит Банка АД Скопје и за осигурување на лица во службените возила од несреќен случај на територија на Р.Македонија во времетраење од 1 (една) година.

**Напомена:** Потребно е да се достави понуда за КАСКО осигурување **БЕЗ ФРАНШИЗА** со две опции: со и без Р.Бугарија. Потребно е да се доставаат Условите за КАСКО осигурувањето со и без Бугарија.

**Во прилог Ви ја доставуваме табелата за службените возила во сопственост на Прокредит Банка АД Скопје. Ве молиме понудата за ова осигурување да ја подготвите со пополнување на табелата во прилог.**



Members of Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Ilir Aliu, Chief Operating Officer
Valentina Trajceva Nikovska, Chief Financial Officer
Emilija Spirovska, Chief Risk Management Officer

Ве молиме да ни доставите понуда и за осигурување на лица во службените возила од несреќен случај, и тоа за еден возач и сопатници на приложената сума, на која се сите осигурани:

- За смртен случај  250,000 по лице
- За траен инвалидитет  500,000 по лице

**Тендерот е неделив во делот за осигурување на возилата.**

Потребно е да се достави понуда за единечна цена со посебно изразен ДДВ. Цената треба да биде изразена во денари и цената за КАСКО осигурувањето да е **БЕЗ ФРАНШИЗА** со две опции со и без Р.Бугарија;  задолжително да се даде и користената премиска стапка употребена за пресметка на премијата, попусти за КАСКО осигурување кои дополнително може да се добијат.

Потребно е да се и достави цена осигурување од автоодговорност со вклучен ДДВ.

**II. Осигурување на опрема**

Ве молиме да доставите понуда за следниве ризици:

**1. Осигурување на мебел, останата опрема**, **компјутерска опрема и мрежа** на договорена вредност за период од 12 месеци од ризик пожар односно за периодот од 01.04.2012 до 01.04. 2013.

**2. Осигурување на светлосни реклами** за период од една година односно од 01.04.2012 до 01.04.2013, поединечно за следниве ризици:

- ризикот ПОЖАР
- ризикот КРШЕЊЕ

**3. Осигурување на банкомати** за период од една година односно од 04.04.2012 до 04.04.2013, поединечно од следниве ризици:

- ризикот ПОЖАР
- ризикот КРАЖБА

**Тендерот е недделив за ставките под број 1,2 и 3 во однос на ризиците за кои се бара осигурување.**

Понудата треба да се однесува, посебно, за осигурување на горенаведената опрема, кои се веќе во сопственост на Прокредит Банка како и на опрема, кои би биле набавени во текот на следната година.

(Реалните сметководствени податоци може да отстапуваат од вредностите дадени во овој тендер. На најповолната осигурителна компанија ќе и бидат доставени реалните сметководствени податоци врз основа на кои ќе бидат склучени осигурителните полиси)

Ве молиме во понудата да биде прикажана премиската стапка.

| | |
|---|---|
| Осигурување на мебел, останата опрема, компјутерска опрема и мрежа | Пожар |
| Осигурителна сума (почетна) | 100.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| Осигурување на светлосни реклами | Пожар | Кршење |
| Осигурителна сума (почетна) | 5.000.000 | 5.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| Осигурување на банкомати | Пожар | Кражба |
| Осигурителна сума (почетна) | 1.300.000 | 1.300.000 |

Потребно е да се достави понуда за единечна цена со посебно изразен ДДВ. Цената треба да биде изразена во денари.

**III. Осигурување на готовина**

ПроКредит Банка АД Скопје ќе врши избор на најповолна осигурителна компанија која ќе изврши осигурување на готовината од **кражба** во сеф, благајна, ТЦР и банкомати во сопственост на ПроКредит Банка АД Скопје, односно осигурување за **откуп на франшиза од БББ полиса**, како и осигурување на готовина од **пожар**.

Ве молиме да доставите понуди за следниве ризици:

1. **Осигурување на готовина од кражба** за период од 12 месеци почнувајќи од 04.04.2012-04.04.2013:

   - сума во благајна, сеф, ТЦР и банкомат
     до 35.000 УСД
     35.001-50.000 УСД
     50.001-100.000 УСД
     Над 100.000 УСД

*Потребно е да се достави понуда (премиска стапка) за секој интервал на осигурена сума.

2. **Осигурување на готовина од пожар** за период од 12 месеци почнувајќи од 01.04.2012-01.04.2013:

- сума во благајна 50 000 ЕУР
- сума во сеф 150.000 ЕУР
- сума во ТЦР уред 50 000 ЕУР
- сума во банкомат 2 000 000 денари

Точните податоци за износите на осигурување може да отстапуваат од вредностите дадени во овој тендер. Истите ќе бидат доставени до избраниот понудувач.

**Тендерот е неделив за осигурување на готовина по основ на сите ризици**.

**НАПОМЕНА:** На сите локации на Прокредит Банка има поставено автоматски јавувачи за пожар, алармни системи и системи за видео надзор.

> *** Напомена 1:** Задолжително доставете ни информација доколку некои од бараните осигурувања подлежат на ФРАНШИЗА.
>
> ****Напомена 2:** Премијата ќе се плати наеднаш во рок од 30 дена од денот на доставување на фактурата

**Банката го задржува правото за избор на повеќе компании**.

**Облик и содржина на понудата:**

1. Понудата се изработува во писмен облик и како учесници на тендер можат да се јават сите добавувачи на ваков тип на производи.
2. Понудата треба да содржи:
   а. Име, адреса и седиште на Понудувачот, броеви на телефон и факс, e-mail адреси и лица за контакт;
   б. Единечна цена на понудата, со посебно изразен ДДВ. Цената треба да биде изразена во денари (истата треба да биде фиксна и непроменлива). **При изработката на понудата задолжително се пополнуваат Анекс 9 – Понуда за тендер** и **Прилог 2 - Табела со евиденција на возилата** (во прилог на објавата од тендерот).
   - одобрени попусти;
   - задолжително да се наведе користената премиска стапка употребена за пресметка на премијата;
   - задолжително да се наведе минималната премиска стапка/премија;

   в. Начин на плаќање;
   г. Рок на исплата на штети;
   д. Информација каде е реосигурувањето на Вашата компанија;
   ѓ. Локации на Вашите преставништва низ Р. Македонија;
   е. Референтна листа;
   ж. Доказ за бонитет од банка или од Централниот Регистар на РМ;
   з. Антикорупциска изјава потпишана и печатирана;
   ѕ. Информација за тековна состојба на фирмата од Централниот Регистар;
   и.Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка за безбедност забрана за вршење на дејност;
   ј. Потврда дека не е отворена стечајна постапка;
   к. Потврда дека не е отворена ликвидациона постапка;

л. Странско правно или физичко лице кое се јавува како понудувач доставува ревизорски извештај од матичното правно лице кој треба да биде издаден од реномирана странска ревизорска куќа;
љ. Фото-копија од важечка лична карта за физички лица.

Документите се доставуваат во оригинал или копија, со датум на издавање кој не треба да биде постар од 6 (шест) месеци.

Критериуми за оценување (бодување) што ќе се применуваат при донесување на одлука за најповолна осигурителна компанија за поединечните осигурувања под точките I, II и III се следните:

- цена на осигурувањето и попусти............................80 бодови
- минимална премиска стапка ....................................10 бодови
- соработка со банката...............................................10 бодови

Одбраните добавувачи се обврзани да отворат сметка во ПроКредит Банка АД Скопје.

Плаќањето ќе биде извршено во законски рок.

Понудите треба да се испратат во затворено плико, со ознака "Не отварај" и „За тендер" најдоцна до крајниот датум за доставување на понудите на долунаведената адреса:

**Бул. Јане Сандански 109а, Скопје**
со назнака за **Тендер за осигурување на готовина, КАСКО осигурување и осигурување на опрема на договорена вредност бр.04/2012.**

Понудите кои се примени преку e-mail или по факс, понуди примени по истекот на крајниот рок, понуди добиени и адресирани до вработени на ПроКредит Банка не се сметаат за валидни при одлучување за тендерот.
Пликотото не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува испраќачот.



Members of Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Ilir Aliu, Chief Operating Officer
Valentina Trajceva Nikovska, Chief Financial Officer
Emilija Spirovska, Chief Risk Management Officer